АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.02.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 660 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш

3. **Датум на извршување на надзорот:** 01 февруари 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор над Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш беше извршен на 25.11.2015 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да ја достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1174 од 27.11.2015 година, по спроведен редовен административен надзор над Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш.

6. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш **не ја извршил обврската** од член 13 став 3 од Законот за медиуми и во дополнителниот рок од 45 дена којшто му го даде Агенцијата.

**7. Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 13 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се дава следната предлог мерка:

- Согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка, и

- Согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 13 став 6 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***